# совет за етика во медиумите на македонија

Датум:

29.04.2015г.

## ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Гордана Силјановска-Давкова и Билјана Ванковска за рубриката "Саботажа" во емисијата 360 степени, емитувана на 10.04.2015 година на Алсат М телевизија.**

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАПИРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 15.04.2015 година, професорките Гордана Силјановска-Давкова и Билјана Ванковска поднесоа жалба за рубриката "Саботажа" во емисијата 360 степени, емитувана на 10.04.2015 година на Алсат М телевизија. Во жалбата, професорките наведуваат дека известувањето во прилогот не е точно и не е фер. Наведуваат дека "во воведниот дел од прилогот е направена конструкција и креирање на каузална врска помеѓу два настана кои немаат никаква ни временска ни суштинска поврзаност" и дека со тоа е извршена клевета и тешка повреда на нивниот углед и авторитет како универзитетски професорки. Поконкретно, како што наведуваат професорките, иако не се споменуваат нивните имиња, „во прилогот се поврзува настан (ТВ прилог од Отворено студио на Канал 5 телевизија од 25.11.2010 година) со наводи на „политичката

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

бомба" емитувана во Битола, во која станува збор за политичко мешање во изборот на продекан на Факултетот за безбедност при Универзитетот „Климент Охридски" - Битола, кој се случил во октомври 2012 година".

Во продолжение на жалбата стои дека во споменатиот прилог "се инсинуира и клевети дека токму проф. Ванковска и проф. Силјановска-Давкова (двете професорки на УКИМ, без никаква допирна академска, професионална или лична релација со проф. Ременски) биле личностите кои на барање на министерката за внатрешни работи давале „услуги" и биле „вадени од постела" за да одработуваат по нечиј налог, дека барале услуги од министерката, но и дека биле инволвирани директно со (не)избор на продекан за настава на друг универзитет/факултет." Се истакнува дека пред подготовката на прилогот, авторот воопшто не стапил во контакт со двете професорки како засегнати страни, "туку самостојно, а можеби и злонамерно, извлекол заклучоци кои во јавноста ги презентирал како факти." Понатаму, во жалбата се вели дека во прилогот се користени слики, снимки и искази од професорките од еден сосема друг медиумски настап, и тоа на селективен начин. „Должни сме на наведеме дека иако во полусатирична форма, сепак, во прилогот „Саботажа" бр. 84 се инсинуираат тешки наводи не само за наводна партиска инволвираност во случајот Ременски, што не одговара на вистината, туку и за поданички и сервилен однос кон носителите на власта (во случајов, полицијата)", стои во жалбата од професорките Ванковска и Силјановска - Давкова.

Тие побараа од Советот за етика во медиумите да биде разгледана нивната жалба, да се стапи во контакт со одговорните лица на Алсат М телевизија, и да се излезе со „мислење и оценка дали ваквото медиумско презентирање, засновано на произволна конструкција и наметнување на заклучоци кај јавноста за нешто што не одговара на вистината и не е поткрепено со факти, одговара на етичките стандарди и професионалните норми на новинарската работа".

На крајот на жалбата жалителите наведуваат дека доколку медиумот Алсат М телевизија и новинарот Срећко Поповски јавно се извинат за клеветата, и тоа во првиот нареден редовен термин на емитување на емисијата, а „Саботажата“ 84 биде повлечена од етер (вклучително и од Фејсбук профилот на авторот и од Youtube каналот) ќе се избегне тужба за клевета пред надлежен суд.

Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата се обрати до телевизијата Алсат М со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Директорот на информативната редакција, Мухамед Зекири, веднаш потоа достави одговор на наводите на професорките. Притоа, тој наведува дека спорното видео е повлечено од Youtube каналот на Алсат – М и од Facebook профилот на авторот, најавувајќи дека на соодветен начин ќе се извинат во емисијата 360 степени, во која и беше емитуван прилогот, а дека за тоа се известени и професорките.

Комисијата за жалби на својата седница ги разгледа наводите на жалителите Гордана Силјановска-Давкова и Билјана Ванковска, како и на директорот на информативната редакција Мухамед Зекири.

Притоа, Комисијата, најпрво, констатира дека, во согласност со Деловникот за нејзината работа, не може да постапува во однос на новинарот, туку само во однос на медиумот каде што е објавена спорната содржина. Освен тоа беше наведено дека Фејсбук профилот на авторот на прилогот нема да биде предмет на разгледување поради тоа што не станува збор за медиум, туку за социјална мрежа, а тоа е вон надлежностите на Комисијата.

Беше направен и увид на изданието на емисијата „360 степени“, каде што пред крајот, односно во 48та минута од емитувањето, беше објавено и извинувањето до двете професорки со следнава содржина:

# совет за етика во медиумите на македонија

*„Пред крајот едно извинување. Во едно од претходните изданија во емисијата 360 степени во прилогот 'Саботажа' направен е ненамерен превид, при што во погрешен контекст беа ставени изјави на професорките Билјана Ванковска и Гордана Силјановска – Давкова, со кои јавноста беше доведена во заблуда. '360 степени' и авторот на 'Саботажа' им се извинуваат на двете професорки за грешката со која беше доведен во прашање нивниот јавен углед".*

Комисијата за жалби ја поздравува одлуката на редакцијата да се извини и да го повлече материјалот од Youtube каналот на Алсат – М и од Facebook профилот на авторот, но смета дека извинувањето, како што налага и етиката во професијата, треба да биде пласирано на истото место и во истото време кога бил објавен спорниот материјал, а не при самиот крај и одјавувањето на емисијата „360 степени".

Во согласност со член 13 од Деловникот за работа на Комисијата и како резултат на извинувањето и согласноста на жалителите да прекине постапката на медијација, Комисијата смета дека случајот може да се затвори.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Метрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595